СЕГА
Коалиција на младински организации

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗБОР НА КОНСУЛТАНТ

| | |
|---|---|
| **Кратко резиме на проектот:** | Со цел да се обезбеди понатамошен напредок и развој на Коалицијата и пред се да се обезбеди финансиска одржливост на СЕГА, неопходна е изработка на нов тригодишен Стратешки план како и Стратегија за прибирање финансиски средства (Fundraising Strategy - ФР стратегија) која ќе биде базирана на стратешкиот план. Процесот на подготовка на Стратешкиот план и ФР Стратегијата вклучува програмско планирање и развивање стратегии за наредниот тригодишен период, подготовка на единствен организациски буџет за 2010 година и подготовка на ФР Стратегија за следниот тригодишен период при што посебен акцент ќе се стави на детално планирање на активностите за прибирање средства за 2010. Овој процес се одвива во периодот од 1 јули - 31 октомври 2009 година. |
| **Резултат** | - Изработен Стратешки план<br>- Изработена ФР Стратегија |
| **Компонента** | **Консултантот ќе треба да го фасилитира процесот на креирање на ФР Стратегија.** Поконкретно, консултантот ќе има обврска да:<br><br>- Да подготви методологија за најсоодветно планирање и развивање на ФР Стратегија преку две работилници,<br>- Да подготви програма за работилниците и работни материјали,<br>- Да ги раководи и фасилитира двете работилници,<br>- Да даде експертско мислење за нацрт Стратегијата и насоки за финализирање на Стратегијата,<br>- Да подготви завршен извештај за целокупниот ангажман. |
| **Активности** | |
| | 1. Изработка на методологија за креирање на ФР Стратегија |
| | 2. Подготовка на програма за работилниците и работни материјали |
| | 3. Работилница за креирање на нацрт ФР Стратегија |
| | 4. Работилница за комплетирање на ФР Стратегија |
| | 5. Тековни консултации по однос на подготовката на стратегијата |
| | 6. Подготовка на Завршен извештај |
| **Очекувања** | Да се изработи ФР Стратегија комплементарна на Стратешкиот план на Коалицијата поткрпена со конструктивни препораки и експертско мислење |
| **Процедури** | - Конкурсот е отворен за сите заинтересирани кандидати од 25 август до 01 септември 2009<br>- Изборот на консултант ќе заврши до 11 септември, 2009<br>- По изборот, консултантот ќе потпише договор за авторско дело со Коалиција на младински организации СЕГА, за работен ангажман од најмногу 8 работни денови во текот на септември 2009.<br>- Конкурсот ќе биде објавен на веб страната на Коалицијата www.sega.org.mk, испратен на постоечките mailing листи на Коалицијата како и до повеќе консултантски куќи.<br>- При аплицирањето, кандидатите треба да достават: кратка биографија, мотивационо писмо, предлог методологија за одржување на работилниците и цена на чинење на услугата.<br>- Документите може да се достават лично во просториите на Коалиција СЕГА или да се испратат на следната адреса:<br>Коалиција на младински организации СЕГА<br>Ул. Иво Лола Рибар бр. 5, 7500 Прилеп<br>Со назнака „**Јавен повик за консултант**". |
| **Услови при избор** | При изборот на консултант ќе се земат предвид следните критериуми:<br>Понудена предлог методологија за одржување на работилниците;<br>Искуство во подготовката на ФР Стратегии;<br>Листа со референци;<br>Понудена цена на чинење. |
| **Контакт лице** | Зоран ИЛИЕСКИ, Извршен Директор, Е-маил: zorani@sega.org.mk;<br>Тел:+389 70 73 33 47; +389 48 42 93 90<br>Моника ИЛИОСКА, Асистент на проектот,Е-маил: monika@sega.org.mk; Тел: +389 71 43 37 57; +389 48 42 93 90 |